**САЕМ НА КНИГАТА И ПРОМОЦИИ НА КНИГИ**

**Гордана Димовска**

На 27 мај во просториите на библиотеката Мил Парк, во чест на Свети Кирил и Методиј, Македонското литературно друштво “Кочо Рацин“ го одржа Саемот на книгата во чиј склоп се промовираа книгите: Круши горници од Нове Младеновски, Патник по ѕвезденото македонско небо од Гордана Димовска, и Виножито во мојата прегратка од Љубица Поповска.



На саемот на книгата се изложија и преку двеста наслови на книги чија цел беше да се поттикнуваат луѓето повеќе да се дружат со книгата, да го учат јазикот кој постојано треба да се негува за да постои и го задржи својот статус во редот на светските јазици.

Саемот беше отворен со звуците на ***Билјана платно белеше***Â и поеми од Рацин кои ги рецитираше поетот Крсте Наумовски Мечкар. Осврт за значењето на мисијата на Свети Кирил и Методиј даде Вангел Патеров а ја прочита и поемата
**Солунски браќа.**




Сакај ја Книгата
Негувај го Јазикот
YARRA PLENTY

